Комерцијална банка

ул. Орце Николов бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт-центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

**Комерцијална банка АД Скопје**
**Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност**
Васил Иљоски бр.3
1000 Скопје

**Понуда за преземање**

Комерцијална банка АД Скопје, банкарска институција регистрирана во Република Северна Македонија со службена адреса на Васил Иљоски бр.3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст „Банката"), во име и за сметка на ДОЛИТ ИНВЕСТМЕНТС АД ОСНОВАНО ОД ЕДНО ЛИЦЕ, со скратен назив ДОЛИТ ИНВЕСТМЕНТС АД, трговско друштво основано во согласност со законите на Хеленската Република, со деловен регистрационен број (ГЕМИ) 167772701000, со регистрирано седиште на Булевар Пентелис бр. 103, Халандри, 152 34, Атика, Грција (во понатамошниот текст „Преземачот"), во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РСМ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), ја дава следнава

## ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

на сите акции издадени од Акционерското друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен Мермерен Комбинат АД Прилеп (Мермерен Комбинат АД Прилеп) со седиште на ул. Лецe Котески бр. 60А, 7500 Прилеп, Р. Северна Македонија, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со даночен број MK4021978120000 и ЕМБС 4058615 (во понатамошниот текст Мермерен Комбинат АД Прилеп).

1. Понудата за преземање се однесува на:
- Вид и род: Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од Мермерен Комбинат АД Прилеп.
- Број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: Понудата за преземање се однесува на сите 193.708 обични акции со право на глас издадени од Мермерен Комбинат АД Прилеп со ИСИН број: MKMERM101015, освен на 4.493.150 обични акции со право на глас кои веќе ги поседува преземачот Долит Инвестментс АД.

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од Мермерен Комбинат АД Прилеп.

   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од Мермерен Комбинат АД Прилеп во согласност со пропишаните и објавените услови.

Комерцијална банка

ул. Орце Николов бр. 3
1000 Скопје • П. Фах 563
S.W.I.F.T.: KOBSMK2X
Контакт-центар: 02 / 3296 800
contact@kb.mk • www.kb.mk

3. Преземачот се обврзува да ги откупи сите 193.708 обични акции со право на глас по цена од 900,00 денари по акција.

   Бидејќи со хартиите од вредност кои се предмет на понудата за преземање не е тргувано во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање, утврдената цена по која ќе се откупуваат акциите кои се предмет на понудата за преземање е еднаква на висината на проценетата вредност на хартиите од вредност утврдена од страна на овластен проценител.

   На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

4. Преземачот на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност предаде банкарска гаранција во вкупен износ од 2.835.000,00 евра, согласно член 34 од Законот за преземање на акционерски друштва.

   Плаќањето на акционерите кои ја прифатиле понудата за преземање се врши со исплата на парични средства од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност во рокот предвиден во член 50 од Законот за преземање на акционерски друштва, односно ро рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5. Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 28 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 27.04.2023 година и завршува на 24.05.2023 година.

6. Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 1.

   Не се определува најмала количина на обични акции со право на глас на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна.

7. Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Скопје, 26.04.2023 година

Комерцијална банка АД Скопје

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ 01